Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-308/2
15-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-308/1 од 07.04.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] преку полномошник Адвокат [redacted] од Скопје, против Министерство за внатрешни работи на РС Македонија, за сторена директна дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 15.05.2023 го донесе следниов

**ЗАКЛУЧОК**
**за неповедување постапка**

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКАТА** по претставката бр. 08-308/1 од 07.04.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] преку полномошник Адвокат [redacted] од Скопје, против Министерство за внатрешни работи на РС Македонија, за сторена директна дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи, согласно член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Образложение

На 07.04.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] преку полномошник Адвокат [redacted] од Скопје, против Министерство за внатрешни работи на РС Македонија, за сторена директна дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителот ја информира Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека Министерството за внатрешни работи не постапило по препорака на Комисијата, дадена во мислење бр. 08-339/3 од 26.09.2022 во кое се утврдува директна дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи врз [redacted] од МВР. Во препораката на цитираното мислење Комисијата му препорачува на Министерството за внатрешни работи да донесе решение за распределување на подносителот [redacted] на работно место со статус полициски службеник, кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и за истото да ја извести Комисијата. На 07.11.2022 МВР, со допис бр, 22.6-95343/2 ја информира Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека постапило по дадената препорака. Во прилог на дописот доставува копија од решение бр. 22610392/1 од 19.10.2022 со кое [redacted] се распределува на работно место со статус полициски службеник, кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка. Со ова Комисијата смета дека утврдениот дискриминатор постапил по дадената препорака и ја отстранил повредата на правото на еднаквост.

Имајќи предвид дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација веќе постапувала по претставката и донела мислење за истата правна работа, а подносителите не нудат нови факти и околности, Комисијата заклучи дека се исполнети законските услови од член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.

Согласно наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и не поведе постапка по претставката бр. 08-308/1 од 07.04.2023 година.

Скопје
15.05.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Исмаиљ Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД